08-4963/3
08-08-2024

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на првото продолжение на 8-та седница одржана на ден 01.08.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-4963/1 од 15.11.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-4963/1 од 15.11.2021 година да се архивира.

Одлуката да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Предметот со број 08-4963/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето _____________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на Управен одборот на ЈЗУ ______________, не поднела изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 04.10.2021 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023), Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во конкретниот случај, на лицето ___________ и престанала функцијата член на Управен одборот на ЈЗУ ___________ на ден 30.07.2021 година и согласно со чл.82 ст. 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истата имала обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на разрешувањето, односно до 30.08.2021 година, да поднесе изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителот на прекршокот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Изготвил:** м-р Н.Т-М, советник
**Одобрил:** м-р С.Д, член

**Претседател,**
**Татјана Димитровска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk